# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 110** **30 мај 2019, четврток** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1440. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за работните односи.... | 3 |
| 1441. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.................................................. | 3 |
| 1442. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.......................... | 4 |
| 1443. | **Решение** за именување претседател и членови на Координативниот комитет за координирање на државната статистика................................. | 4 |
| 1444. | **Решение** за разрешување и именување член на Советот за образование на возрасните............................. | 5 |
| 1445. | **Решение** за избор на членови на Научниот комитет за генетски модифицирани организми..................... | 5 |
| 1446. | **Решение** за именување на членови на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата – Скопје.. | 5 |
| 1447. | **Решение** за разрешување од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево........... | 6 |
| 1448. | **Решение** за давање согласност на Одлуката за избор на директор на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје...................................... | 6 |
| 1449. | **Решение** за разрешување член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Посебното основно училиште „Д-р Златан Сремец“ – Скопје................................................. | 6 |
| 1450. | **Решение** за разрешување од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница – Гостивар............... | 6 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1451. | **Решение** за утврдување престанок на мандатот на член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Штип........ | **7** |
| 1452. | **Решение** за разрешување и назначување членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор................................................ | **7** |
| 1453. | **Решение** за разрешување член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка............................................. | **7** |
| 1454. | **Решение** за утврдување престанок на мандатот на член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Вевчани.... | **8** |
| 1455. | **Решение** за разрешување од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар.................................................. | **8** |
| 1456. | **Решение** за именување член на Управниот одбор - претставник од Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар.................................... | **8** |
| 1457. | **Решение** за разрешување член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државниот студентски дом „Доне Божинов“ - Пробиштип............................................... | **8** |
| 1458. | **Решение** за разрешување член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ Скопје................................................ | **8** |
| 1459. | **Решение** за разрешување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Виница.............................. | **9** |
| 1460. | **Решение** за разрешување член и именување членови на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди........................................... | **9** |
| 1461. | **Решение** за разрешување од должноста истражител на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти...................... | **9** |
| 1462. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата портпарол на Владата на Република Северна Македонија.................................................... | **10** |
| 1463. | **Решение** за разрешување од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца - Битола................................................ | **10** |
| 1464. | **Решение** за именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница – Охрид................................................. | **10** |
| 1465. | **Програма** за дополнување на програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2019 година................................... | **10** |
| 1466. | **Правилник** за формата и содржината на барањето за овластување за изградба на нови или проширување на постојни објекти за производство на електрична енергија, комбинирано производство на електрична и топлинска енергија или производство на топлинска енергија..................................................... | **11** |
| 1467. | **Одлука** за избор на судии поротници на Основен суд Неготино............ | **14** |
| 1468. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за распишување на јавен тендер со јавно наддавање за доделување на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1965-1980/2155-2170 MHz.................................................... | **14** |
| 1469. | **Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подлежни на претходна регулација.......................................... | **14** |
| 1470. | **Решение** за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија................................ | **15** |
| 1471. | **Решение** за изменување на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија..... | **15** |
| | **Огласен дел** ..................................... | **1-144** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1440.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 мај 2019 година.

Бр. 08-3113/1
27 мај 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), во членот 117 став (3) по зборовите: „внатрешни работи” се додаваат зборовите: „и работниците од Агенцијата за национална безбедност”, а зборовите: „посебен закон“ се заменуваат со зборовите: „посебни закони“.

Член 2

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за работните односи.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јуни 2019 година.

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MARRËDHËNIE PUNE

Neni 1

Në Ligjin për marrëdhënie pune (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 62/2005, 106/008, 161/2008, 114/2009, 13020/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 dhe 120/18), në nenin 117 paragrafi (3) pas fjalëve: “punë të brendshme” shtohen fjalët: “edhe punëtorët e Agjencisë për Siguri Nacionale”, ndërsa fjalët: “ligj i veçantë” zëvendësohen me fjalët: “ligje të veçanta”.

Neni 2

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për marrëdhënie pune.

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut", ndërsa do të fillojë të zbatohet nga 1 qershori 2019.

---

**1441.**

Врз основа на членот 75, ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 мај 2019 година.

Бр. 08-3118/1
27 мај 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Член 1

Во Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10, 51/11 и 96/19), во член 5 став (3) по зборот „архив,“ се додава зборот „совет,“.

Член 2

Во член 16 став (1) во алинејата 1 зборовите: „државната и“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Во состав на Министерството за внатрешни работи е Бирото за јавна безбедност.“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јуни 2019 година.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR ORGANIZIM DHE PUNË TË ORGANEVE TË ADMINISTRATËS SHTETËRORE**

Neni 1

Në Ligjin për organizim dhe punë të organeve të administratës shtetërore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10, 51/11 dhe 96/19), në nenin 5 paragrafi (3) pas fjalës “arkiv,“ shtohet fjala "këshill,“.

Neni 2

Në nenin 16 paragrafi (1) në alinenë 1 fjalët: "shtetërore dhe" shlyhen.

Paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"(2) Në përbërje të Ministrisë së Punëve të Brendshme është Byroja për Siguri Publike.".

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut", ndërsa do të fillojë të zbatohet nga 1 qershori 2019.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1442.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија му престанува користењето на движната ствар – пмв БМВ 750 I x Drive со следните карактеристики и тоа:

- регистарски број: ZH 612370,
- број на шасија: WBAKC61070CX99241 и
- инвентарен број:190001.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење, без надоместок на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Член 3

Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија склучува договор со директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од членот 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4047/1
28 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**1443.**

Врз основа на член 13-б од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/2007, 51/2011, 104/2013, 104/2013, 42/2014, 192/2015, 27/2016, 83/2018 и 220/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КООРДИНАТИВНИОТ КОМИТЕТ ЗА КООРДИНИРАЊЕ НА ДРЖАВНАТА СТАТИСТИКА**

1. За претседател и членови на Координативниот комитет за координирање на државната статистика се именуваат:

а) за претседател:

-Апостол Симовски, директор на Државниот завод за статистика,

б) за членови:

- Билјана Миноска, претставник од Министерството за финансии,
- Билјана Шуперлиска, претставник од Министерството за внатрешни работи,
- Анета Тошевска, претставник од Министерството за правда,
- Муарем Асани, претставник од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија,

- Билјана Деловска, претставник од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија,
- Вјоса Речица, претставник од Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија,
- Сузана Алчинова-Моневска, претставник од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управата за хидрометеоролошки работи,
- Лилјана Торова, претставник од Народната банка на Република Северна Македонија,

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24 – 318/12
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

---

**1444.**

Врз основа на член 9 од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2008, 17/2011, 51/2011, 74/2012, 41/2014, 144/2014, 146/2015, 30/2016 и 64/2018) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ**

1. Снежана Денковска се разрешува од должноста член на Советот за образование на возрасните, претставник од Комората на занаетчиите на Македонија.

2. За член на Советот за образование на возрасните се именува Анета Атанасовска, претставник од Комората на занаетчиите на Македонија.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24 – 473/4
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

---

**1445.**

Врз основа на член 64 и 65 од Законот за генетски модифицирани организми („Службен весник на РМ“ бр.35/08, 163/13 и 146/15) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА НАУЧНИОТ КОМИТЕТ ЗА ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНИ ОРГАНИЗМИ**

1. За членови на Научниот комитет за генетски модифицирани организми, се избираат:
- Аргент Муча од Лекарска комора на Македонија,
- доц. д-р Хесат Алиу од Универзитетот во Тетово,
- Зоран Поповски од Факултет за земјоделски науки и храна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“,
- Деан Јанкулоски од Факултет за ветеринарна медицина на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“,
- Владо Матевски од Македонска академија на науките и уметностите на Република Северна Македонија,
- Драган Мијакоски од Институт за медицина на трудот на Република Северна Македонија,
- Влатко Андоновски од Шумарски факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во„Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24 – 838/3
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

---

**1446.**

Врз основа на член 57 и член 58 од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/2013, 148/2015, 192/2015 и 55/2016) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018) Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТИТЕ НА МЕДИЈАЦИЈАТА – СКОПЈЕ**

1. За членови на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата – Скопје, се именуваат:
- адвокат Оливер Гашев на предлог на Адвокатска комора на РСМ и
- Шемседин Јусуфи на предлог на Судскиот совет на РСМ.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24 – 1087/4
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

**1447.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА“ – КИЧЕВО**

1. Насер Исмаили се разрешува од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24 – 1217/2
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

---

**1448.**

Врз основа на член 34 од Законот за научно - истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА – СКОПЈЕ**

1. Владата на Република Северна Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Институтот за национална историја – Скопје бр.02-676/4 од 19.12.2018 година со која за директор на Институтот е избран д-р Драги Ѓоргиев, научен советник-редовен професор, досегашен директор на Институтот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24 – 1297/2
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

**1449.**

Врз основа на член 124 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ПОСЕБНОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „Д-Р ЗЛАТАН СРЕМЕЦ“ – СКОПЈЕ**

1. Кадрие Синани се разрешува од должноста член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Посебното основно училиште „д-р Златан Сремец“ – Скопје, на нејзино барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во„Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-1557/2
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

---

**1450.**

Врз основа на член 102 став 1 точка 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА – ГОСТИВАР**

1. Дитмир Ешеху се разрешува од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница – Гостивар, поради постоење на состојба на судир на интереси.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-1594/2 | Заменик на претседателот |
| 21 мај 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Бујар Османи,** с.р. |

**1451.**

Врз основа на член 102 став 2 точка 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ – ШТИП**

1. На Розета Постолова и се утврдува престанок на мандатот член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Штип, на нејзино барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-1731/2 | Заменик на претседателот |
| 21 мај 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Бујар Османи,** с.р. |

**1452.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија “ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018) и член 1 и член 3 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на Република Македонија “ бр. 98/2016 и 164/2017), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И НАЗНАЧУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР**

1. Од должноста членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, од редот на вработените во органите на државната управа, се разрешуваат:
- Маја Лазареска Јовеска;
- Суеда Бајрами и
- Гордана Ивановска-Велковска.

2. За членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на вработените во органите на државната управа се назначуваат
- Андријана Велевска;
- Атула Касуми;
- Хајрије Сопи.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24 – 1739/4 | Заменик на претседателот |
| 21 мај 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Бујар Османи,** с.р. |

**1453.**

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016, 163/2017 и 51/2018) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КРИВА ПАЛАНКА**

1. Александра Стојановска се разрешува од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка, на нејзино барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-1999/2 | Заменик на претседателот |
| 21 мај 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Бујар Османи,** с.р. |

**1454.**

Врз основа на член 102 став 2 точка 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ – ВЕВЧАНИ**

1. На Виолете Баткоска и се утврдува престанок на мандатот член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Вевчани, на нејзино барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-2361/2
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

**1455.**

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016, 163/2017 и 51/2018) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ДЕМИР ХИСАР**

1. Од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар, на нивно барање, се разрешуваат:
- Добре Стојковски и
- Милена Момировска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24 – 2409/2
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

**1456.**

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016, 163/2017 и 51/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ГОСТИВАР**

1. За член на Управниот одбор - претставник од Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар, се именува Мирлинда Беќири.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-2521/2
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

**1457.**

Врз основа на член 34 од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2013, 30/2013, 120/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 178/2016, 64/2018 и 20/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ДРЖАВНИОТ СТУДЕНТСКИ ДОМ „ДОНЕ БОЖИНОВ“ - ПРОБИШТИП**

1. Љупка Јаневска се разрешува од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државниот студентски дом „Доне Божинов“- Пробиштип, на нејзино барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во„Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-2648/4
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

**1458.**

Врз основа на член 88 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР–ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ДРЖАВНОТО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“ СКОПЈЕ**

1. Ана Шуманска се разрешува од должноста член на Училишниот одбор - претставник на основачот на Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ Скопје, на нејзино барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-2870/2
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

---

**1459.**

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016, 163/2017 и 51/2018) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВИНИЦА**

1. Биљана Манасиева се разрешува од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Виница, на нејзино барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-2698/2
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

**1460.**

Врз основа на член 144 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016 и 83/2018) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРОЦЕНКА И УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ШТЕТАТА ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ**

1. Тоде Митковски се разрешува од должноста член на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди.

2. За членови на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди се именуваат:

- Трајан Димковски од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Билент Мустафоски од Министерството за финансии.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-3839/2
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

---

**1461.**

Врз основа на член 170 од Законот за воздухопловството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/2012, 80/2012, 155/2012, 42/2014, 97/2015 и 152/2015) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ИСТРАЖИТЕЛ НА КОМИТЕТОТ ЗА ИСТРАГА НА ВОЗДУХОПЛОВНИ НЕСРЕЌИ И СЕРИОЗНИ ИНЦИДЕНТИ**

1. Зоран Велковски се разрешува од должноста истражител на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-3862/2
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

**1462.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија " бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018) Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ПОРТПАРОЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. На Миле Бошнаковски, му се утврдува престанок на функцијата портпарол на Владата на Република Северна Македонија, поради именување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 24 -3963/1
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

---

**1463.**

Врз основа на член 107 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016, 163/2017 и 51/2018) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА ОРГАНОТ ЗА НАДЗОР НА ЈУ ДОМ ЗА ДОЕНЧИЊА И МАЛИ ДЕЦА - БИТОЛА**

1. Вера Ѓоршевска се разрешува од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца – Битола.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија."

Бр. 24 – 4038/1
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

**1464.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА – ОХРИД**

1. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница – Охрид, се именува Крум Арнаудов.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 24-4039/1
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

---

**1465.**

Врз основа на член 8 од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија" број 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18 и 20/19) и член 40 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 238/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Во Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/19), во точка 1. став 9 во точката 11. по зборот „кинематографија" се става запирка и се додаваат зборовите „драмска уметност, музика".

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45- 3882/1
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**1466.**

Врз основа на член 54 став (5) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр 96/18) и член 4 став (2) од Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност („Службен весник на Република Македонија“ бр 79/13) министерот за економија донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ИЛИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИ ОБЈЕКТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, КОМБИНИРАНО ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА И ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ИЛИ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за овластување за изградба на нови или проширување на постојни објекти за производство на електрична енергија, комбинирано производство на електрична и топлинска енергија или производство на топлинска енергија.

Член 2

(1) Барањето за овластување за изградба на нови или проширување на постојни објекти за производство на електрична енергија, комбинирано производство на електрична и топлинска енергија или производство на топлинска енергија се издава на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

(2) Образецот на барањето од став (1) на овој член содржи:

1) Податоци за барателот (име/назив на барателот, лице овластено за застапување на барателот, адреса на седиште на барателот, телефон, електронска пошта, единствен матичен број на субјектот и единствен даночен број на правното лице);

2) Податоци за енергетскиот објект за кој се бара овластувањето за изградба, односно проширување и тоа:

- планирана вкупна инсталирана моќност;
- очекувано годишно производство на електрична енергија, односно комбинирано производство на електрична и топлинска енергија;
- вид на технологија (електроцентрала) и енергент што се користи за производство на електрична, односно комбинирано производство на електрична и топлинска енергија;
- локација на која се планира да се гради објектот, односно локација на која се наоѓа објектот чиешто проширување се бара;
- време за кое се планира да се изгради, односно да се реализира проширувањето на објектот и
- износ на средства потребни да се изгради, односно да се реализира проширувањето на постојниот објект.

3) Прилози кон барањето;

4) Податоци за контакт лице (име и презиме, број на телефон и адреса на е-пошта);

5) Место и датум;

6) Име и презиме на овластеното лице и

7) Место за печат.

(3) Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Кон барањето од член 2 став (1) на овој правилник се приложуваат следните докази:

1. Идеен проект за објектот,
2. Проект за инфраструктура, ако објектот за приклучува на соодветна енергетска мрежа,
3. Економска анализа за објектот,
4. Согласност за приклучување на преносниот или дистрибутивен систем за електрична енергија во согласност со соодветните мрежни правила и/или согласност за приклучување на преносниот или дистрибутивниот систем за природен гас во случаите кога како гориво се користи природениот гас,
5. Решение со кое се дава согласност за спроведување на проектот, односно решение со кое се одобрува елаборатот за животна средина, доколку во согласно со закон, за проектот е потребна студија или елаборат,
6. Извод од урбанистичко-планска документација,
7. Финансиски план за планираниот енергетски објект,
8. Изјава од реномирана финансиска институција или банка за нејзината намера на лицето да му овозможи кредитна линија за реализација на проектот, доколку за реализицијa на проектот се предвидува користење на кредит,
9. Доказ за финансиската способност на барателот за обезбедување на сопственото учество во финансирањето на објектот,
10. Референци поврзани со реализацијата на проекти од овој вид,
11. Тековна состојба на барателот издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија,
12. Потврда дека врз барателот не е отворена постапка за стечај или ликвидација и
13. Потврда од надлежен орган дека против барателот не се води кривична или прекршочна постапка во врска со неговата професионална дејност.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 12-2855/1
22 мај 2019 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши**, с.р.

**Прилог**
Образец БО

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Влада на Република Северна Македонија**

**БАРАЊЕ**
**за овластување за изградба или проширување на објект за производство на електрична енергија или комбинирано производство на електрична и топлинска енергија**

| **1. ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ** | |
|---|---|
| 1.1 Име/Назив на барателот | |
| 1.2 Лице овластено за застапување на барателот | |
| 1.3 Адреса на седиште на барателот | |
| 1.4 Телефон | |
| 1.5 е-пошта | |
| 1.5 Единствен матичен број на субјектот | |
| 1.6 Единствен даночен број | |

| **2. ПОДАТОЦИ ЗА ЕНЕРГЕТСКИОТ ОБЈЕКТ ЗА КОЈ СЕ БАРА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА ИЛИ ПРОШИРУВАЊЕ** |
|---|
| 2.1 Планирана вкупна инсталирана моќност |
| 2.2 Очекувано годишно производство на електрична енергија, односно комбинирано производство на електрична и топлинска енергија |
| 2.3. Вид на технологија (електроцентрала) и енергент што се користи за производство на електрична, односно комбинирано производство на електрична и топлинска енергија |
| 2.4 Локација на која се планира да се гради објектот односно локација на која се наоѓа објектот чиешто проширување се бара |
| 2.5 Време за кое се планира да се изгради, односно да се реализира проширувањето на постојниот објект |
| 2.6 Износ на средства потребни за да се изгради, односно да се реализира проширувањето на постојниот објект |

**3. ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО**

1. Идеен проект за објектот
2. Проект за инфраструктура, ако објектот за приклучува на соодветна енергетска мрежа,
3. Економска анализа за објектот,
4. Согласност за приклучување на преносниот или дистрибутивен систем за електрична енергија во согласност со соодветните мрежни правила и/или согласност за приклучување на преносниот или дистрибутивниот систем за природен гас во случаите кога како гориво се користи природениот гас,
5. Решение со кое се дава согласност за спроведување на проектот, односно решение со кое се одобрува елаборатот за животна средина, доколку во согласно со закон, за проектот е потребна студија или елаборат,
6. Извод од урбанистичко-планска документација ,

7. Финансиски план за планираниот енергетски објект,
8. Изјава од реномирана финансиска институција или банка за нејзината намера на лицето да му овозможи кредитна линија за реализација на проектот, доколку за реализиција на проектот се предвидува користење на кредит,
9. Доказ за финансиската способност на барателот за обезбедување на сопственото учество во финансирањето на објектот,
10. Референци поврзани со реализацијата на проекти од овој вид,
11. Тековна состојба на барателот издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија,
12. Потврда дека врз барателот не е отворена постапка за стечај или ликвидација и
13. Потврда од надлежен орган дека против барателот не се води кривична или прекршочна постапка во врска со неговата професионална дејност.

**4. ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ ЛИЦЕ**

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Број на телефон | |
| е-пошта | |

______________________________ ------------------------------------------------------------

Место и датум (Име и презиме на овластено лице)

МП

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1467.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.107/05), член 42 од Законот за судовите („Службен весник на РСМ“ бр.58/06,35/08, 150/10,83/18 и 96/19) и член 31 став 1 алинеја 4 и член 46 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/06,150/10, 100/11, 20/15, 61/15, 197/17 и 83/18), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 29.05.2019 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО**

За судии поротници на Основен суд Неготино се избрани:

1. Бошко Стаменков од с.Пепелиште - Неготино и
2. Милка Ѓоргова од Неготино.

Оваа одлука влегува во сила на 30.5.2019 година.

Бр. 02-908/1
30 мај 2019 година
Скопје

Судски совет на Република Северна Македонија
Претседател,
**Киро Здравев,** с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

**1468.**

Врз основа на член 24 став 1 алинеја 5 а во врска со член 140 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ број 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), Одлуката за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок за користење на радиофреквенции за радиофреквенцискиот опсег 1965-1980/2155-2170 MHz, број 0805-255/6 од 6.2.2019 година, донесена од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 76/2019) и Одлуката за давање согласност на Одлуката за за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок за користење на радиофреквенции за радиофреквенцискиот опсег 1965-1980/2155-2170 MHz, број 45-859/1 од 5.3.2019 година, донесена од Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 53/2019), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 29.5.2019 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ЈАВЕН ТЕНДЕР СО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ОД РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИОТ ОПСЕГ 1965-1980/2155-2170 MHZ**

Член 1

Во Одлуката за распишување на тендер со јавно наддавање за доделување на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1965-1980/2155-2170 MHz донесена од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации број 0201-255/13 од 23.05.2019 година, објавена во Службен весник на РСМ број 106/2019, ставот 4 од член 6 се менува и гласи:

„Понудувачот кој ќе биде избран за најповолен понудувач по спроведеното јавно наддавање, највисоко понудената цена на еднократниот надоместок утврдена при јавното наддавање може да ја плати на три еднакви годишни последователни рати на сметка на Буџетот на Република Северена Македонија. Плаќањето на првата рата или на целиот еднократен надоместок треба да се изврши во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката за избор на најповолен понудувач.Доколку плаќањето е на рати, останатите две рати ќе се платат на истиот датум во следните две години како датумот на улатата за првата рата“.

Член 2

Останатите одредби од Одлуката остануваат исти.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 0201-255/15
29 мај 2019 година
Скопје

Агенција за електронски комуникации
Директор,
**Сашо Димитријоски,** с.р.

**1469.**

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со членовите 79, 80 и 81 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 17.5.2019 донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕЛЕВАНТНИ ПАЗАРИ ШТО СЕ ПОДЛЕЖНИ НА ПРЕТХОДНА РЕГУЛАЦИЈА**

Член 1

Во Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подлежни на претходна регулација број 02-5015/1 од 23.9.2010 година, број 02-2010/2 од 15.4.2011 година, број 0307-1276/2 од 7.5.2014 година, број 0201-1476/7 од 15.12.2014 година, број 1306-252/2 од 20.1.2016 година, број 1303-690/10 од 19.4.2016 година, број 1302-1322/2 од 11.4.2017 година и број 1302-326/4 од 23.3.2018 година, во член 3 точките 1, 3 и 10 се бришат.

Во член 3 од истата Одлука потточките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, и 10 стануваат потточки 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Образложение

Врз основа на членовите 79, 80 и 81 од Законот за електронските комуникации, Агенцијата за електронски комуникации изврши анализа на релевантните пазари за:

- услуга за започнување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација
- услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација
- услуга за транзитирање во јавна фиксна телефонска мрежа и
- услуги за завршување на смс во јавни мобилни комуникациски мрежи.

Во финалните документи од анализата на пазарите за услуга за започнување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација донесен под број 1302-1354/2 од 22.4.2019 година, услуги за завршување на смс во јавни мобилни комуникациски мрежи донесен под број 1302-99/4 од 2.3.2018 година и услуга за транзитирање во јавна фиксна телефонска мрежа донесен под број 1302-244/5 од 19.4.2019 година, е утврдено дека овие релевантни големопродажни пазари повеќе не го исполнуваат тестот на три критериуми, со што истите не ги исполнуваат условите да продолжат и понатаму да бидат дел од релевантните пазари подлежни на претходна регулација. Според заклучоците овие релевантни пазари се бришат.

Согласно заклучоците од Финалниот документ за анализата за услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација, донесен под број 1302-728/3 од 19.4.2019, овој релевантен пазар останува регулиран.

Со оглед на сето ова погоре наведено, а врз основа на членот 24 став (1) алинеја 5 од Законот за електронските комуникации, директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 0302-244/7
17 мај 2019 година
Скопје

Агенција за електронски комуникации
Директор,
**Сашо Димитријоски,** с.р.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1470.**

Врз основа на член 151, став 6 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“, бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 06/16, 53/16 и 189/16), а во врска со член 241 став 1 и став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), и член 10, став 5 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12, 63/13 и 25/15), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија постапувајќи по барањето на Друштвото за трговија и услуги ТХОР ИМПЕКС експорт-импорт ДООЕЛ Скопје, на 23 мај 2019 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за ветерната електроцентрала „Ветро Парк Богословец“, УП1 бр. 08-01/18 од 24 јануари 2018 година, („Службен весник на Република Македонија“, бр. 15/18), на Друштвото за трговија и услуги ТХОР ИМПЕКС експорт-импорт ДООЕЛ Скопје, се продолжува до 30 декември 2021 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

УП1 бр. 08-01/18
23 мај 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

---

**1471.**

Врз основа на член 11 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“, бр.18/12, 97/12, 63/13 и 25/15), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија постапувајќи по Известувањето на Друштвото за производство на електрична енергија Е.К.О ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ Битола на ден 23 мај 2019 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. Во точката 1 на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр. 08-07/18 од 1 март 2019 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија“ бр.40/18, се менува називот на друштвото при што зборовите „Друштвото за производство на електрична енергија Е.К.О ЕНЕРГЕТИКА ДОО Битола“ се менуваат со зборовите „Друштвото за производство на електрична енергија Е.К.О ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ Битола“.

2. Во точката 2 алинеја 1, назив и седиште: зборовите „Друштво за производство на електрична енергија Е.К.О ЕНЕРГЕТИКА ДОО Битола“ се менуваат со зборовите „Друштво за производство на електрична енергија Е.К.О ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ Битола“.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

УП1 бр. 08-07/18
23 мај 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622

2019110